Врз основа на одредбите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 253/25), член 23 став 1 и 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 253/25), Одлуката за условите за распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, бр. 57-114/10 од 3.2.2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 24/26) и Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2026 година, бр.57-1046/9 од 24.2.2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 43/26), а во врска со членот 49 став 1, 2 и 3 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10, 135/11, 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 239/22), како и член 4 од Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/07), Министерството за односи меѓу заедниците, распишува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за финансиска поддршка на здруженија и фондации**

## 1. Цел на јавниот повик

Целта на јавниот повик е обезбедување на финансиска поддршка на програми/проекти на невладини организации во согласност со Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2026 година.

Распределбата на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година утврдени во Раздел 04010 - Министерство за односи меѓу заедниците, Потпрограма 11 – Промоција на меѓуетничи односи, ставка 463 – Трансфери до невладини организации коишто се наменети за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации се врши согласно Програмата.

## 2. Опис на Програмата

Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите е насочена кон јакнење на соработката со граѓанскиот сектор како клучен партнер за развивање на културата за нивно учество во сферите на општественото живеење и во креирањето на јавните политики, како и кон промовирање и унапредување на меѓуетничките односи.

## 3. Вид на програми/проекти што ќе бидат поддржани


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Marrëdhënieve Ndërmjet Bashkësive
rr. Filipi i Dytë i Maqedonisë nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

Јавниот повик се распишува за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за програми/проекти што ќе опфатат некои од следниве цели:

А) Приоритетни цели:

- еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење и елиминирање на говорот на омраза и нетолеранција;
- подобрување на социјалната кохезија и градење на инклузивно општество;
- обезбедување и промоција на вредностите на Охридскиот рамковен договор (етничкиот, културниот и јазичниот идентитет на заедниците);
- градење на мултикултурно општество со цел успешно спроведување на програмите на Европската унија и на Советот на Европа;
- владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност;
- унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците во основното и средното образование согласно закон, и
- информирање на јазиците на припадниците на заедниците во јавната сфера и во медиумското известување.

Б) Специфични цели:

- намалување на етничката дистанца и елиминирање на сите видови национална и верска дискриминација;
- промоција на мултикултурниот карактер на општеството, градење доверба, соживот, со-одговорност за заедничка иднина на припадниците на заедниците на централно и на локално ниво;
- унапредување на системот на вредности што ги обединува интересите, потребите и аспирациите на сите граѓани, што би придонело за позитивна социо-културна атмосфера и позитивни политичко-економски услови за остварување на основните потреби на поединецот и на колективниот потенцијал;
- спроведување на начелата коишто произлегуваат од Охридскиот рамковен договор;
- спроведување на правото на употреба на јазиците на припадниците на заедниците согласно закон;
- промовирање и заштита на културното наследство на припадниците на заедниците;
- промоција и унапредување на почитувањето на идентитетот на припадниците на заедниците;
- унапредување и спроведување на човековите права и на одржлива средина за заштита на фундаменталните права;


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Ministria për Marrëdhënie Ndërmjet Bashkësive
rr. Filipi i Dytë i Maqedonisë nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

- поефикасна соработка и заедничко дејствување меѓу националните структури за човекови права, социјалните партнери, организациите на граѓанското општество и владините органи за да се унапреди агендата за човекови права;
- развивање на систем на правда кој ефикасно ги штити човековите слободи, права и заеднички систем на вредности;
- одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата, реформи во насока на владеење на правото и изградба на независни институции;
- развој на образованието во функција на создавање на личности кои ќе ги почитуваат, негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот, и
- подобрена информираност на јазиците на припадниците во традиционални и дигитални медиуми, заради запознавање на широката јавност.

**4. Временска рамка и вкупно предвидени /достапни средства**

Средствата од буџетот на Министерството за односи меѓу заедниците во вкупен износ од 18.113.000,00 денари ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите преку грантови во износ до 500.000,00 денари. Исплатата на доделените средства ќе се врши со потпишување на договор и согласно одредбите утврдени во договорот за доделување финансиски средства.

Спроведувањето на програмите/ проектите трае најдоцна до 30 ноември 2026 година.

**5. Основни услови за конкурирање**

Здруженијата и фондациите што учествуваат на Јавниот повик треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку една година пред објавувањето на огласот,
- да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори на средства за истата намена и активности за коишто поднесуваат пријава, а што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори,
- да имаат поднесено извештај за користењето на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за програмски активности за претходните години,
- да не постои забрана за користење поддршка од државата во согласност со член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одредбата од ставот 1 точка 2 на овој член не се однесува на барањата за надомест на делот за ко-финансирање на проекти на Европската Унија од страна на крајните корисници.


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Ministria për Marrëdhënie Ndërmjet Bashkësive
rr. Filipi i Dytë i Maqedonisë nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

**6. Проценка на квалитетот на програмите/проектите**

Проценката на квалитетот на програмите/проектите на здруженијата и фондациите кои ги исполнуваат условите ќе се врши врз основа на следните посебни програмски критериуми:

| **Критериуми** | **Максимум бодови** |
|---|---|
| **1. Оценка на капацитет на здружението/фондацијата** | **20** |
| 1.1. Организациска структура и ресурси за спроведување на проектот (вработени лица, активни волонтери или хонорарно ангажирани лица, канцелариски простор, техничка опрема и способност за реализација на буџетот) | 10 |
| 1.2. Докажано искуство во областа (приоритетната цел) на која се однесува предлог проектот | 10 |
| **2. Соработка и вмрежување** | **5** |
| 2.1. Членување во мрежи и платформи на граѓански организации (национални и меѓународни) и реализирани проекти во соработка со други организации или органи на државната управа | 5 |
| **3. Квалитет на проектот** | **50** |
| 3.1. Придонес на проектот во остварувањето на дадената приоритетна цел и одржливост на проектот | 10 |
| 3.2. Образложение за потребата за спроведување на проектот | 10 |
| 3.3. Предложените активности да доведуваат до остварување на предвидените резултати во проектот | 10 |
| 3.4. Јасен, остварлив, мерлив и реален план за спроведување на проектот | 10 |
| 3.5. Јасно дефинирани индикатори за мерење на постигнувањата | 10 |
| **4. Буџет и ефикасност на трошоците** | **20** |
| 4.1. Усогласеност на бараните средства со планираните активности и оправданост на бараниот износ на средства | 10 |
| 4.2. Соодветност на предвидените трошоци со очекуваните резултати | 10 |
| **5. Бодови за поттикнување на рамномерен регионален развој согласно Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2024 година до 2028 година („Службен весник на Република** | **5** |


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Ministria për Marrëdhënie Ndërmjet Bashkësive
rr. Filipi i Dytë i Maqedonisë nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

| | |
|---|---|
| **Северна Македонија" бр. 262/24), донесена врз основа на Законот за рамномерен регионален развој (*).** | |

**7. Потребна документација што здружението/ фондацијата треба да ја достави**

Здруженијата и фондациите коишто учествуваат на јавниот повик треба да ги доставаат следниве документи:

1. Пријава за финансиска поддршка потпишана од овластено лице и заверена со печат;
2. Предлог – проект потпишан од овластено лице и заверен со печат;
3. Тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на здружението /фондацијата не постара од шест месеци, оригинал или заверена на нотар;
4. Копија од статутот;
5. Копија од завршната сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за претходната година или потврда од Централниот регистар на Република Северна Македонија дека во претходната година оствариле приход помал од 2.500 евра во денарска противвредност пресметан според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на поднесување на пријавата;
6. Извештај за работата со цели, активности, резултати и извори на финансирање во претходната година;
7. Изјава на овластеното лице на здружението или на фондацијата дека не се обезбедени средства за исти активности од други извори;
8. Изјава на овластеното лице на здружението или на фондацијата дека за ист проект во тековната година нема добиено буџетски средства;
9. Изјава за основачка структура од основач/овластеното лице на здружението или на фондацијата во согласност со член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси;

**Обрасците**: Пријава за финансиска поддршка, Предлог-проект и Изјава за основачка структура се достапни на **веб-страницата** на Министерството за односи меѓу заедниците **www.moz.gov.mk**

**Напомена**: Обрасците задолжително треба да бидат доставени на македонски јазик. Покрај на македонски јазик, обрасците можат да бидат доставени и на кој било друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението, во согласност со позитивните законски прописи.

Здруженијата и фондациите **не можат** да поднесат повеќе од една пријава за финансиска поддршка по огласот.

Пријавите со непотполна документација нема да се разгледуваат.

Пријавите што ќе бидат испратени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Ministria për Marrëdhënie Ndërmjet Bashkësive
rr. Filipi i Dytë i Maqedonisë nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

Доставените прилози не се враќаат.

**Право на учество немаат** здруженијата и фондациите кои во претходнините три години биле корисници на финансиски средства од тогашното Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, односно од Министерството за односи меѓу заедниците, но не ги исполниле во целост обврските што произлегуваат од договорот, односно не ја исполниле целта на договорот.

**8. Рок на доставување на пријавите**

Рокот за поднесување на пријавите е 30 дена од денот на објавување на Јавниот повик.

**9. Начин на доставување на пријавите**

Пријавата со целокупната документација треба да се достави во засебен затворен плик на којшто ќе пишува „Пријава со целокупна документација". Пропратно писмо треба да се достави заедно со затворениот плик во кој сеноѓа пријавата со целокупната документација. Потоа, материјалот се доставува во друг затворен плик со ознака „Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации преку пошта, на адреса:

Министерство за односи меѓу заедниците
Ул. „Филип Втори Македонски", бр.11
1000 Скопје

или лично во архивата на Министерството за односи меѓу заедниците, во работни денови од 8:00 до 16:00 часот.

**Прашања за појаснување можат да се поставуваат на ngo@moz.gov.mk до 23.3.2026 година**.

Здруженијата и фондациите учесници на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 10 дена од денот на донесување на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации.